Арх.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**

Број: ____15-201___________ Датум: __04.07.2023_____________

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор:

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул."5" , бр.9, с.Ржаничино, Петровец – Скопје | |
| Адреса за е-пошта | radomak@radomak.com.mk | |
| Телефон | 070 205 969 | |
| Матичен број на субјектот | 4269381 | |
| Даночен број на субјектот | 4030996102352 | |
| Број на жиро сметка на субјектот | 300000000029039 | |
| Банка депонент | Комерцијална Банка Ад Скопје | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
| Леонит Димоски | 070 205 969 | Управител |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН √ | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 04.07.2023 | Време на почеток на инспекцискиот надзор [чч.мм] | 12:00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 04.07.2023 | Време на завршување на инспекцискиот надзор (чч.мм) | 15:00 | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | 46.75 Трговија на големо со хемиски производи. | | | |
| Адреса на објектот инсталацијата каде се врши надзорот | ул."5" , бр.9, с.Ржаничино, Петровец – Скопје | | | |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на (да се заокружи основот):

1. месечниот план за работа на инспекциската служба за месец јули од 2023 година;
2. налог издаден од ракод. на инспекциската служба, од година
3. налог издаден од претседателот на Инспекцискиот совет, бр. ______ од _______година;
4. записник/решение за извршен инспекциски надзор број __________ од _______ година;

4) Инспекцискиот надзор е извршен од (име, презиме и видна инспекторот/ите кој/и го извршил/е надзорот):

1. ______Хусни Тачи__________________ 3. ______________________________________________

2. _________________________________________ 4. ______________________________________________

5) Предмет на инспекцискиот надзор (да се опише што е предмет на надзорот, вклучувајќи го правниот основ од материјалниот закон и/или друг пропис):

ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје член 198 од Законот за животна средина Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005.... Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/2022 и член 133 ств 3 од Законот за хемикалии (Службен Весник на РМ бр 145/10, 53/11, 164/13, 149/15....37/16 и Службен Весник на РСМ бр 236/22) .

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

1. Се употребени листи за проверка, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој записник,
2. Не се употребени листи за проверка, поради (да се објасни причината):

– ______________нема чеклиста за дејноста _________.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Трајче Бошков | 071 255 385 | |
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, присутни беа и следните лица:

| | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |

9) Инспекторот/ите кој/и го изврши/ја инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентираа целите и предметот/опфатот на инспекцискиот и му ги објаснија правата и обврските на субјектот надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдена фактичка состојба:

Извршен е редовен инспекциски надзор врз правното лице ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје и утврдена е следна фактичка состојба:

ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје е друштвото која е регистрирана во Централниот регистар со шифра на дејност 46.75 Трговија на големо со хемиски производи. Седиштето на друштвото се наоѓа на ул."5 , бр.9, с.Ржаничино, Петровец – Скопје. На истата локација се наоѓа и погонот за препакување на производи за заштита на растенијата. При процесот на препакување не се менуваат физичките и хемиските својства на производите. При препакување се менува само амбалажата на производите. Фитофармацевсктие производи добиени во голема рефус амбалажа во метални буриња од 200 литри или резервоари од 1000 литри за течни формулации, вреќи во разни килограми и 1000кг за цврсти формулации. Претставникот на субјектот на надзорот плиложи на увид Известување за намера за изведување на проект со арх. бр.03-010 од 31.01.2023 година која е поднесена до УЖС при МЖСПП за добивање на мислење по барањето. Правното лице има добиено Мислење бр.11-886/2 од 08.03.2023 година дека согласно Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005.... Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/2022) и Уредбата за изменување на Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжителнот се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од област на животната средина Службен Весник на Република Македонија бр.36/2012 година, за дејноста препакување на производи за заштита на растенијата која ја обавува ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје, не треба да се изготви елаборат за заштита на животната средина (прилог копија од мислењето).

Согласно член 133 став (3) од Законот за Хемикалии (Службен Весник на РМ бр 145/10, 53/11, 164/13, 149/15....37/16 и Службен Весник на РСМ бр 236/22) за вршење на дејноста препакување на производи за заштита на растенијата и промет со опасни хемикалии е пропишано Правилникот за поблиските услови во однос на просторот и опремата кои треба да ги исполнуваат правните лица кои вршат промет со опасни хемикалии бр. на 132/2008 од 21.10.2008 година.

Согласно правилникот правното лице поседува:

- соодветен простор за сместување, чување и издавање на опасни хемикалии кои одговараат на поблиските услови пропишани со овој правилник;
- соодветни заштитни средства за работниците кои работат со хемикалии, упатство за давање на прва помош во случај на несреќа, средства за давање на прва помош, средства за

- За препаратите кои се опасни отрови од прва карегорија со ознака Т+ поседува полици за складирање.
- Во работни простории, на видни места, имаат поставено ознаки за забрана на пушење, за забрана на пристап на неовластени лица, броевите на телефони на одговорните лица и служби за случај на незгода, како и ознаки за правецот на движење во случај на пожар или друга незгода.
- За работниците имаат гардеробер и простор за одржување на хигиена и санитарен јазол.
- Во местата каде се ракува со опасни хемикалии има средства за лична деконтаминација, средства за деконтаминација на работни површини и опрема, маски за заштита на органите за дишење и опрема за заштита на работниците.

Согласно Законот за управување со отпад (Службен весник на Република Северна Македонија бр.........216/2021) при процесот на препакување на хемиските производи се создава амбалажа која е контаминирана со хемикалии и истата е оквалификувана како опасен отпад со шифра 15 01 10*. За амбалажата како опасен отпад од што се создава при препакување на производи за заштита на растенијата, правното лице ќе се задолжи да склучи договор за предавање на опасниот отпад со правно лице кои поседува дозвола за управување со опасен отпад изадено од УЖС при МЖСПП Скопје и да води евиденција за количините на создадениот отпад согласно Законот за управување со отпад.

– врз основа на која (да се заокружи само едно):

1. не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор;

2. утврдени се следните неправилности во работењето на субјектот на надзор, за што се преземени следните мерки:

- нема склучено договор за предавање на опасниот отпад што се создава при препакување на производите за заштита на растенијата.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба, е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

– __________Нема забелешки ____________________________________________

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | [signature] | Печат и потпис на инспекторот: | [stamp, signature] |
|---|---|---|---|
| Датум: | 04. 07. 2023 | Датум: | 04. 07. 2023 |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да го потпише записникот, да се наведат причините.

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor

Арх

Ип1. 15-201
Дата:07.07.2023,
Скопје,

Државниот Инспекторат за животна средина преку Главниот инспектор Хусни Тачи, со службена легитимација број 06-0020, изврши Редовен инспекциски надзор во ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје со седиште на ул."5" , бр.9, с.Ржаничино, Петровец – Скопје, застапувано од Леонит Димоски –управител, на ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје и со Записник бр Ип1. бр.15-201 од 04.07.2023 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став 1 од Закон за управување со отпад ( Службен Весник на Република Северна Македонија.бр 216/2021), и член 83 од Законот за инспекциски надзор (Сл весник на РСМ бр 50/11...102/2019)донесе:

# РЕШЕНИЕ

**СЕ Задолжува** ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје со седиште на ул."5" , бр.9, с.Ржаничино, Петровец – Скопје, застапувано од Леонит Димоски – управител, веднаш по приемот на ова решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот бр. ИП1 15-201 од 04.07.2023 година и тоа:

1. Правното лице како создавач односно поседувач на опасен отпад согласно Законот за управување со отпадот се задолжува да склучи посебен договор за собирање и транспортирање на отпад со давател на услугата или со лица кои поседуваат дозвола за управување со опасен отпад согласно член 43 став (5).
Рок:30(триесет )дена.
2. Да води евиденција и податоците од евиденцијата за отпад да ги води, чува и постапува согласно со членот 50;
Рок:30(триесет )дена.
3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точката 1 и 2 на оваа решение ,е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка ,а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.
4. Доколку субјектот од точка 1 не постапи согласно со решението на државниот инспектор за животна средина и не ги отстрани причините за настанатата состојба утврдени со решението, државниот инспектор за животна средина ќе поведе прекршочна постапка, пред надлежен прекршочен орган, како и ќе започне постапка за одземање на добиените дозволи, согласности и овластувања согласно член 117 став 3 од законот


**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Павел Шатев бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Pavel Shatev. nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E a.petrovska@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот Инспекторат за животна средина на ден 04.07.2023 година изврши Редовен инспекциски надзор во ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје со седиште на ул.“5“ , бр.9, с.Ржаничино, Петровец – Скопје, при што се изготви Записник за констатација со бр ИП1 15-201.

Од увидот се констатира дека: Правниот субјектот е друштво која е регистрирана во Централниот регистар со шифра на дејност 46.75 Трговија на големо со хемиски производи. На истата локација се наоѓа и погонот за препакување на производи за заштита на растенијата. При процесот на препакување не се менуваат физичките и хемиските својства на производите. При препакување се менува само амбалажата на производите кои потоа се пуштат на промет. Со пуштање на промет на производите за заштита на растенијата се создава отпад од пакување која е контаминирана со опасни субстанци и истата е оквалификувана како опасен отпад со шифра 15 01 10*.

ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје при извршениот инспекциски надзор не поседуваше договор за собирање и транспортирање на отпад со давател на услугата или со лица кои поседуваат дозвола за управување со опасен отпад .

Од погоре наведеното се донесе: Решение како во диспозитивот.

Доколку во определениот рок не постапи по оваа решение,Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка ,согласно член 117 став 3 од Законот за Управување со отпад(Сл.весник на Р.М.бр 216/2021).

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка во рок од 15 дена од приемот на решението.

Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Скопје под бр ИП1 15-201 на ден 07.07.2023.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Хусни Тачи, Главен инспектор

Доставено до:
-Архива,
- ДППУ РАДОМАК ДОО Скопје
ул.“5“ , бр.9, с.Ржаничино, Петровец – Скопје


Република Северна Македонија
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Павел Шатев бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Pavel Shatev, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta–E a.petrovska@ sei.gov.mk
We www.sei.gov.mk